# Ten Barrels Syrah 2008




Премиум црвено вино кое е добиено 100% од сортата на грозје Syrah од сопствените лозови насади на винаријата Камник. Виното се одликува со темна рубин црвена боја со свежи кармин црвени нијанси. Мирисот е многу впечатлив, комплексен, и најмногу потсетува на ванила, карамел, каранфилче и дим, како резултат на 14-месечното созревање во нови дабови барик буриња од 225l, во комбинација со ароми на ситнозрнесто варено овошје и печен марципан. Вкусот е полн, со дискретни зачински ноти, изразена структура, дискретна горчина, меки танини и убав завршеток.

Виното се послужува на температура од 13-17°C и одлично се вклопува во комбинација со разни видови месо, а посебно со дивеч во пикантен сос.

НАГРАДИ:

- Premium Select Wine Challenge 2010, Три ѕвезди
- Gast 2010, Злато